РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-301/2
17-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-301/1 од 16.01.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Пријавата да се достави на надлежно постапување до Судски Совет на РСМ.

Предметот со број 12-301/1 од 16.01.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 16.01.2020 година, доставена е пријава против Судски совет на Република Северна Македонија поради отфрлање на барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судии од Основен граѓански суд Скопје во спор што го води пријавителот. Се бара ДКСК да му укаже на Судскиот Совет за негово незаконито постапување и преиспитување на донесеното решение.

По разгледувањето на наводите ДКСК констатира дека во конкретниот случај барањето на подносителот е отфрлено од формално правен аспект, а не поради ненадлежност, поради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш
Одобрил: К.Н

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk